# ПОЛИТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ПО МЕРКА НА МЛАДИТЕ

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

12 АВГУСТ 2021

**МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА МЛАДИ**

www.sega.org.mk | sega@sega.org.mk

INTERNATIONAL YOUTH DAY
2021
TRANSFORMING FOOD SYSTEMS

**Коалиција на младински организации СЕГА во името на младите, преку 12 препораки од Позициски Документ за младинско вработување, ги повикува надлежните институции во полето на младинско вработување да ги вградат препораките на младите и граѓанските организации во насока на максимално искористување на постоечкиот младински потенцијал:**

1. Значително зголемување на соработката и системската комуникација на МОН со бизнис заедницата и стопански комори во насока на креирање програми кои ќе овозможат стекнување на практични работни вештини кај младите!

2. Реактивирање на постоечките кариерни центри и кариерни советници во средните училишта и воведување на кариерни центри и кариерни советници во основните училишта, со менторски пристап за работа со млади и фокус кон професионална ориентација!

3. Воведување на задолжителен предмет „животни вештини“ во текот на целиот образовен процес од најмала возраст!

4. Поголема промоција на придобивките од неформално образование кај младите и приватниот сектор преку взаемна соработка на Министерство за образование и наука и граѓанскиот сектор!

5. Поголема отвореност и достапност на институциите за социјално ранливите категории и НЕЕТ млади преку меѓу-секторска соработка во делот на размена на информации на пазарот на трудот!

6. Да се зголеми улогата на младинските организации при дизајнирање и спроведување на Гаранцијата за млади како и во процесот на оценување на ефектите од истата!

7. Да се обезбеди посебна обука за специјални медијатори од редот на младинските организации кои ќе ги спроведуваат теренските активности на мапирање и регрутирање на младите за нивни влез во Гаранција за млади!

8. Поставување на стандарди за квалитет на спроведување на Гаранција за млади!

9. Младинските центри, во согласност со Законот за младинско учество и младински политики, заедно со граѓанскиот сектор задолжително да воведат програми за вработливост за млади во ризик!

10. Застапување на граѓанскиот сектор за зголемување на фондови при програмирањето на донаторската заедница за мерки за младинско вработување!

11. Вклучување на младинските организации како поддршка за АВРСМ при спроведување на услугите (процеси на обуки за вработливост на млади)!

12. Подобрување на процесите на координирано стратешко планирање помеѓу приватниот и државниот сектор на регионално и локално ниво, обезбедувајќи широк консултативен процес (локални дебати, дискусии, редовни квартални состаноци)!

